**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 декември 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

На седницата не присуствуваа пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и на ДПА, како и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, координаторот на Судскиот совет на Република Македонија, Народниот правобранител, гувернерот на Народната банка на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, поглаварот на Македонската православна црква, Реисул Улема на Исламската верска заедница во Република Македонија, Скопскиот бискуп и апостолски егзарх проповедникот на Евангелско Методистичката црква во Република Македонија, претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија, Јавниот правобранител на Република Македонија, шефовите на странските дипломатски конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми во мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Оваа седница ја свикав по барање на претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски.

Го молам претседателот на Република Македонија, господинот Бранко Црвенковски да му се обрати на Собранието.

**Бранко Црвенковски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ваши екселенции, дами и господа,

Ова е трето мое обраќање во својство на Претседател на државата пред Собранието на Република Македонија, но прво пред овој состав на Парламентот, па би сакал да ја искористам приликата уште еднаш, почитувани пратеници да ви посакам успешен мандат и одговорно вршење на исклучително значајните задачи кои стојат пред вас.

Дозволете на почетокот да појаснам, зошто мојата оценка за изминатата 2006 година ќе ја дадам воглавно и низ призмата на остварувањето на условите и критериумите за наш напредок во процесите на интегрирање во ЕУ и НАТО. Ќе наведам неколку причини:

1. Нашето членство во ЕУ и НАТО е наша стратешка определба. За таквата определба ние немаме алтернатива. Не постои резервна опција. Токму затоа имаме целосен политички и етнички консензус и толку силно изразена поддршка на нашите граѓани за остварување на овие цели.

Ако во 1991 историскиот исчекор беше осамостојувањето и стекнувањето на независност, ако во периодот до 1995 тоа беше меѓународното признавање и етаблирање на државата; ако во и во годините по 2001 историскиот предизвик беше справувањето со етничкиот конфликт и поставувањето на нови основи за внатрешна кохезија и интегрираност, рамноправност и еднаквост, денес големата историска цел и мисија е нашата целосна интеграција во ЕУ и НАТО алијансата.

2. Годинава што изминува и првите 6 до 7 месеци од наредната година е клучниот период кога во зависност од постигнатото ќе се одреди динамиката со која ќе продолжиме да се движиме напред.

Да бидам појасен: или ќе го фатиме приклучокот со или веднаш зад Хрватска или ќе останеме во групата на преостанати земји од Западен Балкан со голема неизвесност кога ќе се укаже следната шанса.

Од тука, мора да направиме се, до крајот на 2007 да го добиеме датумот за почеток на пристапните преговори со ЕУ.

Што се однесува до НАТО, точно е дека од Самитот во Рига добивме позитивна и охрабрувачка порака. Но и тука вистинската работа допрва не очекува.

Иако формално одвоени, двата процеси на интегрирање, едниот кон ЕУ, вториот кон НАТО, се целосно комплементарни. Ако ги тргнеме настрана реформите во сферата на одбраната кои патем речено се одвиваат според планот, па дури и пред предвидените рокови, сите останати приоритети се скоро целосно идентични. Тоа значи, кога се движиме напред, тоа го правиме истовремено и на двата колосека. Но истото важи и кога ни се случува застој.

Но успешно завршена работа е целосно завршена работа.

Заклучоците од Рига-самитот се шанса, а не гаранција и единствено така треба да ги разбереме.

3. Сите услови и барања кои од страна на ЕУ и НАТО и се поставуваат на Република Македонија се однесуваат на работи кои самите, заради нас и нашите граѓани треба да ги направиме дури и кога на нив не би се инсистирало од Брисел, затоа што тие претставуваат наш интерес.

Ние имаме потреба од ефикасно и независно судство,ние имаме потреба од засилена борба против криминалот и корупцијата, од способна и професионална администрација, од зголемување на конкурентноста на нашето стопанство и либерализација на нашата економија, ние имаме потреба од успешна децентрализација, еден круцијален проект, кој го започнавме амбициозно, а сега како да го оставаме по малку на страна, и слично.

4. Најголемиот проблем со кој денес се соочува Македонија се сиромаштијата и големата невработеност.

Решавањето на овие прашања не е можно без значајно зголемување на инвестициите. Имајќи во предвид дека домашните ресурси се лимитирани, мора да се сконцентрираме на привлекување на странскиот капитал.

За да дојдат странски инвестиции потребен е соодветен амбиент. Потребна е сигурност, стабилност, извесност, перспектива за инвеститорите и нивните вложувања во Македонија.

Колку сме поблиску до членството во ЕУ и НАТО, токму овие карактеристики на нашата земја стануваат посилни и поубедливи.

Затоа кога говориме за ЕУ и НАТО ние всушност говориме за економски развој, за нови инвестиции, за нови работни места, за намалување на сиромаштијата.

Почитувани пратеници, 2006 година ја започнавме со оптимизам заради добиениот статус на земја кандидат за полноправно членство во ЕУ. Тоа беше голем успех и со право ја подигна самодовербата, но и очекувањата на нашите граѓани.

Во исто време, сосема разбирливо, тоа ги заостри и критериумите за оценување на состојбите и напредокот на земјата од страна на Брисел.

Денес, пред самиот крај на 2006 година, и покрај одредено придвижување напред, не можеме, а и не би требало да бидеме задоволни со постигнатото во изминатата година. Точно е дека се направија неколку значајни исчекори, но не толку на број и не толкави по обем колку што можевме и колку што моравме да направиме.

Токму затоа и во извештајот на Европската комисија, кој патем речено го оценувам како крајно објективен и реален, но и во бројните изјави, ставови, заклучоци кои ни доаѓаат од Брисел беше констатирано дека оваа година во Македонија е забележано успорување во некои сегменти и целосен застој во неопходните реформски процеси во или поточно речено во дел од неопходните реформски процеси. Добро е што во јули, со нов изборен законик, организиравме фер и слободни парламентарни избори кои ги задоволија меѓународните норми и стандарди.

Тоа е голема придобивка за македонската демократија, но и нешто што се цени и вреднува и во Европската Унија и во НАТО-алијансата.

Но не е добро што периодот на предизборната кампања која траеше многу подолго отколку што законот дозволува, како и долгиот период на конституирање на новата Влада, беа целосно изгубени за продолжување со реформските процеси. Наполно свесен за објективните околности, сепак сакам да напоменам дека за Македонија во овој период факторот време е ненадокнадив ресурс и дека секој изгубен ден, секоја изгубена недела, а да не говорам за месец има своја висока цена на чинење.

Реформите на судскиот систем со кои треба да се создаде ефикасно, објективно и независно судство имаат највисок приоритет во препораките и на ЕУ и на НАТО.

Добро е што по донесувањето на уставните амандмани минатата година, во оваа 2006 се донесоа неколку значајни закони кои се дел од овој реформски пакет.

Да ги споменам: Законот за судовите, за Судскиот совет, за Академијата за обука на судии и обвинители, понатаму законите за управни спорови, прекршоци и медијација.

Но лошо е што последниот од овие закони е донесен пред повеќе од 7 месеци или поточно, на 12 мај 2006 година. Лошо е што се уште не се донесени, а ниту е отпочната процедурата за донесување на Законот за јавно обвинителство и Законот за совет на јавни обвинители, за што според Уставниот закон беше зададен рок до крајот на септември.

Почитувани пратеници,

Со донесувањето на Законот за полиција од нас се очекуваше да демонстрираме цврста решеност и што е многу важно, широк консензус за реформи во оваа област, посебно во делот што значеше операционализација на одредбите од Охридскиот рамковен договор и децентрализацијата воопшто.

Законот се донесе, меѓутоа широк консензус не демонстриравме. Напротив, политичките тензии и конфронтации од периодот на конституирање на новата Влада, по повод расправата за Законот, кулминираа во Собранието на Република Македонија.

Како резултат на сето тоа, денес во извештајот на Европската комисија, но и во препораките кои ни доаѓаат од НАТО и Вашингтон фигурира еден нов услов, нов критериум од чие исполнување ќе зависи понатамошниот напредок во интеграциите. Тоа е остварување на суштински и продуктивен политички дијалог меѓу клучните партии од власта и опозицијата.

Значи, заради начинот кој го избравме, а тоа е потпирање на парламентарната математика и игнорирање на потребата од поширок консензус, во обидот да решиме еден проблем, на сцената вративме друг за кој мислевме дека е успешно апсолвиран и оставен зад нас уште од периодот на Охридските преговори и првичната фаза на имплементација на Рамковниот договор.

Имам впечаток дека не сите и не целосно ја разбираме огромната тежина на ова прашање.

Сакам да потсетам дека, се разбира не единствениот, но клучниот фактор за добивање на статусот кандидат за членство во ЕУ во декември 2005 беше успешното спроведување на Охридскиот договор и справувањето со кризата во 2001, како и со последиците предизвикани од неа.

Македонија беше посочувана како редок успешен пример каде за само 4 години се нашла формулата за функционална мултиетничка демократија.

Политичките турбуленции и конфронтации создадени во периодот на конституирање на новата Влада, а кои за жал се присутни и денес, пробудија сомнеж кај нашите пријатели во Брисел, не дали имаме капацитет да добиеме датум за преговори, туку дали ја оправдуваме одлуката за доделување на статусот кандидат.

Враќањето на политичкиот дијалог како критериум, тоа значи. Не успорување, не застој, туку враќање чекор назад.

Ова е сериозен проблем кој мора брзо да го решиме.

Притоа, најмалку е важно која политичка партија или лидер е повеќе, а кој помалку одговорен за досегашните неуспешни средби. Тоа може да игра некаква улога само на домашен терен и тоа на краток рок, од денес до утре.

Брисел ја оценува земјата во целина. За ЕУ и НАТО и власта и опозицијата и секоја политичка партија поодделно се наши - македонски и дел од нашиот политички систем.

Ако има некаков проблем - тоа е проблем на Република Македонија кој мора сами да го решиме или во спротивно цената ќе ја платиме сите и без исклучок.

Затоа би сакал да ја искористам оваа прилика и да упатам апел до политичките партии и пред се, до нивните Претседатели: надминете ги тесно-партиските интереси и личните суети.

Не губете време објаснувајќи и на јавноста или на странските амбасадори колкава е вината на другиот за неуспешните разговори.

На Република Македонија не и треба виновник, туку решение, односно успешен политички дијалог и конкретни резултати.

Почитувани пратеници,

Високото ниво на криминал и корупција е еден од најголемите проблеми со кој се соочува нашата држава. Борбата против ова зло е борба за посилна правна држава, за подобра економија, за повисоко ниво на човекови права и слободи.

Во исто време тоа е и борба за подобри меѓуетнички односи, за промовирање на вистински вредносен систем во општеството, за поуспешна Македонија.

И ова прашање е со највисок приоритет во извештајот на Европската комисија и препораките на НАТО.

Од нас во овој период се очекуваат конкретни и видливи резултати.

Новата Влада од самиот почеток на својот мандат најави безкомпромисна и енергична борба против криминалот и корупцијата.

Во реализацијата на оваа своја заложба ја има и ќе ја има целосната моја поддршка. Ова го кажувам сосема искрено и без било каква задршка.

Во оваа прилика и покрај нивното отсуство, верувам дека ја следат оваа седница на почитуваните членови на Владата сакам да ви го кажам истото она што го порачував и на нивните претходници.

Република Македонија има бројни проблеми и тешкотии. Нашиот народ, нашите граѓани се свесни и имаат разбирање за тоа што некои од тие проблеми не можат да се решат преку ноќ.

Но, она што не го разбираат и што не го проствуваат е, што гледаат како во вакви тешки времиња, некои со криминал и кршење на законот се збогатуваат, а за тоа не одговараат.

Оваа битка против криминалот не смее да биде кампањска туку континуирана. Не смее да биде селективна туку фронтална. Не смее да биде пропагандна туку правна.

Владата мора да се обиде да ја избегне замката нејзините потези да бидат диктирани од дневен маркетиншки пристап и да се посвети на трајни цели и резултати.

Притоа сакам да напоменам дека е недозволиво токму во периодот кога треба да демонстрираме најсериозен пристап и да постигнеме најголеми резултати, Република Македонија веќе трет месец да нема Републички Јавен Обвинител.

Имајќи во предвид дека од јануари е најавено и враќање на четирите хашки случаи што претставува нов крупен предизвик за капацитетите на нашиот правосуден, но и политички систем, ова станува многу сериозен хендикеп.

Ситуацијата се усложнува дополнително со отпочнување на процедурата за избор без да се донесат законите за обвинителство, што можеби не го намалува легалитетот, но очигледно, како што имавме прилика да се увериме овие денови, отвара прашање на легитимитетот на целата постапка, што секако не е добро.

Почитувани пратеници,

Шансите за успех на оваа битка против криминалот значајно ќе се зголемат доколку за остварувањето на оваа определба се изгради што е можно поширок политички и меѓуетнички консензус, консензус, не околу декларативните заложби што никогаш не било проблем, туку консензус околу конкретната реализација. Јас верувам дека тој консензус е можен, се разбира, доколку се почитуваат неколку основни принципи од кој дел веќе претходно споменав.

Би додал само уште некои:

- Во борбата против криминалот и корупцијата не смее да има поделба на наши и ваши, ниту по партиска, ниту по етничка, ниту по фамилијарна

основа. Единствена оправдана поделба е на криминалци и корумпирани од едната страна и чесни граѓани од другата страна.

- Во борбата против криминалот не смее да има било каква повисока цел од самото спроведување на законот. Прогледувањето низ прсти не може да се оправда со ништо.

- И сите претходни Влади во одредени периоди со повеќе или помалку успех демонстрираа енергичност во борбата против криминалот направен во периодот на претходната власт. Но вистинскиот предизвик е кога таа борба треба да се насочи кон сопствените редови. Тогаш се стекнува вистинската доверба и кредибилитет и се создаваат услови за широк општествен консензус. Во спротивно, Владата ќе има невозможна задача да ја уверува и домашната и меѓународната јавност дека со нејзиниот избор криминалот и корупцијата исчезнале од Македонија.

Почитувани пратеници,

Европската унија на својот Самит на највисоко ниво, пред неколку денови ги постави принципите за своето понатамошно проширување. Го дефинираше базичниот критериум за интеграциона моќ на Унијата и најави дека основен приоритет пред понатамошно проширување ќе биде завршување на внатрешните реформи на Унијата.

Ваквите ставови предизвикаа различни оценки и предвидувања во нашата јавност поврзани со иднината на Македонија и отворија во еден дел, по мое мислење, погрешно формулирани дилеми.

Сакам да го искажам моето убедување дека Република Македонија нема да биде подготвена за целосно, полноправно членство пред завршување на внатрешните реформи на Унијата.

Клучното прашање е дали Република Македонија ќе биде подготвена во моментот кога Европската унија ќе биде подготвена за тоа. Затоа, да се фокусираме на првиот нареден чекор, а тоа е одредување на датумот за преговори.

Го знаеме извештајот на Европската комисија. Ги знаеме препораките на НАТО. Знаеме која е нашата цел и што треба да направиме за да ја оствариме.

Во оваа прилика сакам да упатам една сугестија и до Владата и до Парламентот.

Во овој клучен период, сите заедно да се воздржиме од покренување на иницијативи и предлагање на закони, кои се однесуваат на прашања што можеби заслужуваат внимание, но можат да не дефокусираат или пак што е уште полошо, да предизвикаат политички, етнички или религиски тензии и конфронтации.

За да бидам на вистински начин разбран ќе наведам два примери:

- Законот за државни празници.

Се согласувам дека ова прашање може да биде регулирано поинаку или попрецизно отколку досега. Но факт е дека од една страна ова прашање не е приоритетно, а од друга, предизвикува спротивставувања и незадоволства и кај дел од политичките партии и кај дел од религиските заедници.

- Иницијативата за промена на Уставот со цел воведување на задолжително средно образование.

Веднаш би сакал да напоменам дека јас поддржувам секаква иницијатива или проект кој би го зголемиле образовното ниво на нашите граѓани. Но, секоја промена на Уставот е сложена и сериозна процедура во повеќе фази, процедура која бара голем ангажман, време и широк консензус. Да се потсетиме, потребна е двотретинска поддршка.

За да се отпочне таква иницијатива, претходно е потребно да се направат сите неопходни анализи и проценки, а пред се, дали ние како држава имаме финансиски, економски, кадровски и просторен капацитет за успешна реализација на ваков проект, бидејќи образованието е сфера каде секоја импровизација може да биде погубна.

Отварање на процес на уставни промени без претходни подготовки и обезбедена поширока поддршка може да претставува и отварање на Пандорина кутија, и наместо да се постигне првичната цел, да се предизвикаат политички тензии и конфронтации кои во овој период ни се најмалку потребни.

Почитувани пратеници,

Се наоѓаме пред голем предизвик и историска шанса.

Нашата цел е во 2007 година да го добиеме датумот за пристапни преговори во Европската унија, а во 2008 да ја добиеме поканата за членство во НАТО алијансата. За да се оствари тоа, во кус временски период треба да завршиме голема работа.

Сакам да Ве уверам дека доколку се обединиме околу овие цели, доколку јасно ги дефинираме и целосно се фокусираме на приоритетите, доколку секој максимално одговорно си ја врши својата работа, ова може да го направиме. А тоа ќе биде заеднички успех и на Владата и на опозицијата, а пред се на граѓаните на Република Македонија.

Почитуван Претседателе, почитувани присутни,

Дозволете во ова мое обраќање до Вас и до Македонската јавност да ги искажам моите согледувања за уште три прашања.

Процесот на дефинирање на финалниот статус на Косово влегува во својата завршна фаза. Многу брзо по одржувањето на парламентарните избори во Република Србија, во јануари, Меѓународната заедница ќе излезе со својот предлог за идниот статус на Косово.

Од досегашниот тек на преговорите и од презентираните непопустливи ставови на двете страни сосема е јасно дека не постои решение кое би било прифатливо и за Белград и за Приштина. Значи, каков и да биде предлогот најмалку едната страна ќе биде незадоволна. Тоа само по себе

носи одреден ризик што не смее да се игнорира, посебно не од Република Македонија како непосреден сосед.

Ситуацијата може дополнително да се усложни доколку Контакт групата не биде единствена околу понуденото решение. Јас искрено се надевам дека тоа сепак нема да се случи.

Сакам уште еднаш да повторам дека за стабилноста на Република Македонија, не е клучното прашање каков ќе биде идниот статус, туку како на територијата на Косово ќе се обезбеди владеење на правото, сузбивање на криминалот и држење под контрола на радикалните и екстремни структури.

Тука клучната улога мора да ја има Меѓународната заедница. Меѓународното воено и цивилно присуство на Косово ќе биде неопходно во подолг временски период и тоа ќе биде, се разбира не единствената, но во секој случај најсилната гаранција за стабилноста на Косово, а со тоа и на регионот пошироко.

Од наша страна се инсистира во пакетот за финалното решение да биде разрешено и прашањето на демаркацијата на границата. Според најавите кои ги имаме тоа и ќе се случи.

Наш државен интерес е да развиваме добри односи и соработка и со Белград и со Приштина. Во тоа досега успевавме, убеден сум дека така ќе биде и во наредниот период.

Да сумирам: Не очекувам сериозни закани за стабилноста и безбедноста на Република Македонија.

Ситуацијата околу разврската за Косово, внимателно ќе ја следиме, ни еден ризик нема да потцениме и ќе се обидеме благовремено и превентивно да делуваме, ако е тоа неопходно.

Во јануари ќе свикам и посебна седница на Советот за безбедност посветена исклучиво на ова прашање.

Почитувани пратеници,

Во изминатава 2006 година немаше позначајни нови моменти во процесот на разговори околу разликите за името на нашата држава со соседна Грција кои се водат под покровителство на ОН во Њујорк. Во еден дел тоа се должи на фактот што ова беше изборна година во Република Македонија, но исто така и на стеснувањето на просторот за нови иницијативи по двата неуспешни обиди во 2005 година.

Да потсетам дека од наша страна беше демонстрирана максимална конструктивност со прифаќањето како добра основа за понатамошни разговори на последниот предлог поднесен од медијаторот Нимиц во октомври 2005 година.

За жал тој предлог од страна на Република Грција беше отфрлен и на тој начин шансата за позначаен напредок беше пропуштена.

Во неколку наврати оваа година имавме прилика да слушнеме изјави од највисоки претставници на Република Грција во кои се условува нашето целосно интегрирање во Евро и Евро-аталантските структури со претходно решавање на овој проблем, се разбира на начин прифатлив за Атина.

Сакам да потсетам дека според Времената спогодба од 1995 Република Грција превзеде обврска не да не го попречува, туку да го помага интергрирањето на нашата земја во меѓународните организации и структури.

Уште еднаш би сакал да потенцирам дека Република Македонија е повеќе отколку било кој друг заинтересирана за симнување на ова прашање од дневен ред. За таа цел подготвени сме на конструктивен начин да го продолжиме нашето учество во разговорите во Њујорк.

Ние сме решени со нашиот јужен сосед да развиваме искрени и пријателски односи, взаемна почит и сестрана соработка. Но, наша цврста определба е нашето уставно име да биде сочувано и за домашна и за меѓународна употреба.

Почитувани пратеници,

Грижата за статусот и правата на Македонското национално малцинство во соседните земји е наше природно право и обврска. Она на што ние инсистираме е доследна примена на Европските норми и стандарди во почитувањето на основните човекови права и слободи во кои спаѓаат и правата на негување на својот национален, културен и јазичен идентитет.

Република Македонија веќе покажа, дека е подготвена на овој план да имплементира решенија кои се дури и над највисоките меѓународни стандарди. Впрочем од земји кои се веќе, во овој момент полноправни членки на Европската Унија, или се цврсто решени тоа во наредниот период да станат, таквиот пристап е обврска која треба и не само треба туку и мора да се почитува. Во исто време, тоа ќе биде уште еден значаен придонес во јакнење на меѓусебните билатерални односи но и потврда за решеноста да се делат заедничките Европски вредности.

Почитуван Претседателе, почитувани пратеници,

дами и господа,

Секое време си носи свои предизвици, а изградбата на една држава си има свои етапи. Некои од нив можат побрзо да се поминат, други поспоро, но ниту една не може да се прескокне.

За да може да се посветиме на решавањето на овие проблеми за кои денес говориме, требаше предходно да се решат некои други.

Само пред 3 месеци ја одбележавме 15 годишнината од стекнување на независност на нашата држава. Некои велат дека тоа биле најтешките 15 години. Можеби, но тоа се и единствените години на самостојна и суверена Република Македонија.

Некои велат дека во овие 15 години не се направило ништо. Можеби не се направило се што требало и се што можело. Но, факт е дека се изгради држава која го помина патот од своето

создавање до самото предворје на Европскта унија.

Факт е дека го реформиравме целиот општествен систем и од еднопартизам изградивме парламентарна демократија, од самоуправување создадовме пазарна економија. А тоа не е ништо.

Некои велат, сепак не е доволно. Со тоа се согласувам. Затоа да се обидеме во наредниот период да направиме повеќе.

Еве пред нас и голема шанса и широко поле за докажување.

Сакам да ја искажам мојата подготвеност за целосен ангажман и искрена соработка со Владата, со Парламентот, опозицијата со невладиниот сектор и сите други кои можат да дадат свој придонес во остварувањето на овие значајни цели кои стојат пред нас.

Се наоѓаме пред Божиќните и Новогодишните празници. Упатувајќи честитки по тој повод, сакам на сите Вас, на сите наши граѓани да посакам добро здравје, лична среќа и подобар живот.

Нека претстојната 2007 биде година на мир, стабилност и сигурност, година на економски развој и просперитет, година на наш заеднички успех.

Благодарам.

(Аплауз).

**Љубиша Георгиевски:** Му благодарам на Претседателот на Република Македонија за неговото обраќање,

Ја заклучувам Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,40 часот)